# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за 2012 година

од теренски контроли на приватни здравствени установи - Аптеки

ФЗОМ

Скопје, Февруари 2013 година

## Содржина

КОНТРОЛА ВО ПЗУ АПТЕКИ - ТЕРЕНСКА КОНТРОЛА ........ 3
РЕАЛИЗИРАНИ КОНТРОЛИ ВО ПЗУ АПТЕКИ ........ 4
КОНСТАТАЦИИ ПО ИЗВРШЕНИТЕ КОНТРОЛИ НА ПЗУ АПТЕКИ ........ 7
НАЈЧЕСТИ НЕПРАВИЛНОСТИ ВО РАБОТЕЊЕТО НА ПЗУ АПТЕКИ ........ 9

## КОНТРОЛА ВО ПЗУ АПТЕКИ - ТЕРЕНСКА КОНТРОЛА

Фондот за здравствено осигурување на Македонија склучува Договор со приватни здравствени установи аптеки - работни единици на територијата на Република Македонија за регулирање на односите, правата и обврските помеѓу ФЗОМ и здравствена установа аптека, за начинот на плаќање на здравствените услуги со кои се врши обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарна здравствена заштита.

Контролата на приватните здравствени установи аптеки во 2012 година се врши врз основа на Законот за здравствено осигурување и подзаконските акти донесени врз основа на овој Закон, договорите склучени меѓу Фондот и здравствените установи и останатите законски прописи.

Пред извршување на контролата, овластените лица за контрола ги проучуваат и анализираат сите податоци и информации потребни за вршење контрола на здравствената установа аптека која е предмет на контрола.

Контролата во здравствената установа аптека се врши во просториите на здравствената установа аптека и кај лице овластено за водење на деловните книги за сметководството и финансиите. Здравствената установа е должна на овластеното лице за контрола да му овозможи вршење на контролата, да му ги обезбеди потребните услови за вршење на контролата и да ја стави на увид и располагање целокупната медицинска и финансиска документација и евиденции, кои се од значење за вршење на контролата. Здравствениот работник присутен на контролата која се врши во тек или по потреба и надвор од работно време во здравствената установа, е должен да ги даде потребните објаснувања на барање на контролорите и да овозможи увид и контрола во документацијата и лековите согласно договорните и законските одредби.

Фондот во здравствената установа аптека врши контрола на:

- остварувањето на правата од задолжителното здравствено осигурување на осигурените лица;
- примена на одредбите од Законот за здравственото осигурување и подзаконските акти донесени врз основа на тој закон и другите прописи;
- спроведување на договорните одредби;
- евиденцијата за издадени лекови на осигурени лица;
- контрола на фактурите за обезбедени здравствени услуги за издадени лекови на осигурените лица;
- пресметувањето и наплатувањето на партиципација;
- друго.

Во приватните здравствените установи аптеки, дефиниран репрезентативен примерок за контрола се најмалку 15 случајно избрани лекови.

Контролата треба да констатира дали:

- Асортиманот на лекови ги задоволува потребите на осигурениците,
- Правилно се пресметува и наплатува партиципација согласно Одлуката на Фондот,
- Се издава фискална сметка за наплатената партиципација,

- Се води евиденција во сметководството на здравствената установа според одредбите на соодветните законски и подзаконски акти,
- Освен партиципацијата правилно се наплатува и доплатата за лековите од осигурените лица,
- Се почитуваат ослободувањата од партиципација согласно Законот за здравствено осигурување и Програмите на Владата на РМ,
- Одлуката за партиципација е истакната на видно место во здравствената установа,
- Списокот на лекови без доплата е превземен од web страницата на Фондот и истакнат на видно место достапно за осигурениците,
- Се даваат целосни информации за лековите и нивната примена,
- Друго.

Во записникот се евидентира фактичката состојба утврдена при контролата. Доколку се утврдат отстапувања, односно незаконитости во работењето на здравствената установа аптека, истите се наведуваат во записникот. Утврдените констатации во записникот се поткрепуваат и докажуваат со копија од евиденцијата и документацијата, изјави на осигурените лица и слично. Во записникот здравствената установа се задолжува во определен рок да ги отстрани сите евентуални недостатоци и неправилности утврдени со контролата, а кои со договорот се санкционираат со опомена.

Субјектот на контрола може да поднесе приговор на записникот за извршената контрола во писмена форма во рок од 8 дена од денот на приемот на записникот, преку Подрачната до Централната служба на Фондот. Во случаите кога во записникот од извршената контрола се констатирани повреди за кои е предвидена мерка писмена опомена, овластеното лице за контрола ја задолжува аптеката во предвидениот рок да ги отстрани сите констатирани неправилности. По рокот предвиден во договорот (8 дена) се врши повторна контрола во делот на приговорот и се изготвува нов записник.

## РЕАЛИЗИРАНИ КОНТРОЛИ ВО ПЗУ АПТЕКИ

Податоците за бројот на ПЗУ аптеките со кои Фондот има склучено договори и за бројот на извршени контроли во овие аптеки за периодот јануари - декември 2012 година се прикажани во Табела 1 и Графикон 1.

Податоците за плановите за контроли и реализираните контроли на аптеките од Подрачните служби на Фондот уредно се евидентираат во стручната служба на Фондот.

Во текот на 2012 година од страна на републичките контролори од Секторот за фармација при ФЗОМ, покрај останатите работни активности, направени се вкупно 509 контроли на ПЗУ аптеки - работни единици, односно 71% од вкупниот број на аптеки. Од страна на контролорите од подрачните служби на ФЗОМ направени се вкупно 862 контроли на здравствените установи – аптеки.

***Табела 1: Приказ на број на аптеки и реализирани контроли во 2012 година***

| вкупен број на аптеки во 2012 | прв квартал | втор квартал | трет и четврт квартал | број на реализирани контроли на аптеки | % на реализирани контроли на аптеки |
|---|---|---|---|---|---|
| **Подрачни служби** | **743** | **730** | **720** | **862** | **120%** |
| **Сектор фармација** | | | | **509** | **71%** |
| **вкупен број на контроли** | | | | **1371** | **191%** |

***Графикон 1: Приказ на број на аптеки со договор со ФЗОМ и реализирани контроли во 2012 година***




Од вториот квартал 2012 година контролите на ПЗУ аптеките на терен се спроведуваат и од Секторот за фармација на Фондот. Во Табела 2 е даден приказ на процентот на реализирани контроли по квартали од страна на Подрачните служби на ФЗОМ, како и од страна на Секторот за фармација.

***Табела 2: Приказ на процент на реализирани контроли за 2012 година од Подрачните служби на ФЗОМ и од Секторот за фармација***

| ФЗО Подрачна Служба | I квартал 2012 | | II квартал 2012 | | | III квартал 2012 | | | IV квартал 2012 | | | 2012 год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно аптеки | % контроли од ПС | вкупно аптеки | % контроли од ПС | % контроли од централа | вкупно аптеки | % на контроли од ПС | % контроли од централа | вкупно аптеки | % на контроли од ПС | % контроли од централа | % Контроли |
| **БЕРОВО** | 4 | 75% | 4 | 50% | 100% | 4 | 50% | 0% | 4 | 50% | 0 | 325% |
| **БИТОЛА** | 54 | 31% | 52 | 21% | 0% | 50 | 46% | 80% | 50 | 56% | 0 | 234% |
| **МАКЕДОНСКИ БРОД** | 2 | 100% | 2 | 50% | 100% | 2 | 50% | 0% | 2 | 100% | 0 | 400% |
| **ВАЛАНДОВО** | 4 | 75% | 4 | 25% | 100% | 4 | 25% | 0% | 4 | 25% | 0 | 250% |
| **ВЕЛЕС** | 27 | 7% | 27 | 37% | 96% | 27 | 26% | 4% | 27 | 41% | 0 | 211% |
| **ВИНИЦА** | 6 | 50% | 6 | 33% | 100% | 6 | 33% | 0% | 6 | 33% | 0 | 249% |
| **ГЕВГЕЛИЈА** | 17 | 47% | 17 | 35% | 100% | 17 | 35% | 0% | 17 | 29% | 0 | 246% |
| **ГОСТИВАР** | 24 | 17% | 24 | 25% | 63% | 23 | 26% | 35% | 23 | 30% | 0 | 196% |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ДЕБАР** | 6 | 150% | 6 | 100% | 0% | 6 | 150% | 100% | 6 | 150% | 0 | 650% |
| **ДЕЛЧЕВО** | 10 | 40% | 10 | 20% | 100% | 10 | 20% | 0% | 10 | 70% | 0 | 250% |
| **ДЕМИР ХИСАР** | 3 | 0% | 3 | 0% | 100% | 3 | 33% | 0% | 3 | 67% | 0 | 200% |
| **КАВАДАРЦИ** | 22 | 27% | 22 | 27% | 23% | 22 | 32% | 77% | 22 | 18% | 0 | 204% |
| **КИЧЕВО** | 18 | 61% | 18 | 17% | 17% | 18 | 33% | 56% | 18 | 33% | 0 | 217% |
| **КОЧАНИ** | 21 | 29% | 21 | 24% | 48% | 21 | 19% | 52% | 21 | 24% | 0 | 196% |
| **КРАТОВО** | 2 | 0% | 2 | 100% | 100% | 2 | 100% | 0% | 2 | 50% | 0 | 350% |
| **КРИВА ПАЛАНКА** | 5 | 100% | 5 | 0% | 100% | 5 | 0% | 0% | 5 | 100% | 0 | 300% |
| **КРУШЕВО** | 2 | 100% | 2 | 100% | 100% | 2 | 350% | 0% | 2 | 100% | 0 | 750% |
| **КУМАНОВО** | 49 | 24% | 47 | 13% | 51% | 47 | 38% | 49% | 47 | 34% | 0 | 209% |
| **НЕГОТИНО** | 4 | 100% | 3 | 33% | 100% | 3 | 0% | 0% | 3 | 67% | 0 | 300% |
| **ОХРИД** | 28 | 7% | 28 | 0% | 100% | 28 | 7% | 0% | 28 | 7% | 0 | 121% |
| **ПРИЛЕП** | 39 | 26% | 39 | 31% | 0% | 39 | 41% | 82% | 39 | 23% | 0 | 203% |
| **ПРОБИШТИП** | 6 | 33% | 6 | 33% | 100% | 6 | 17% | 0% | 6 | 50% | 0 | 233% |
| **РАДОВИШ** | 9 | 33% | 9 | 33% | 0% | 9 | 44% | 100% | 9 | 33% | 0 | 243% |
| **РЕСЕН** | 9 | 67% | 9 | 100% | 0% | 9 | 33% | 100% | 9 | 78% | 0 | 378% |
| **СВЕТИ НИКОЛЕ** | 4 | 75% | 4 | 75% | 100% | 4 | 75% | 0% | 4 | 75% | 0 | 400% |
| **СКОПЈЕ** | 237 | 0% | 230 | 0% | 0% | 223 | 43% | 7% | 223 | 43% | 13% | 106% |
| **СТРУГА** | 20 | 30% | 19 | 21% | 0% | 19 | 32% | 100% | 19 | 21% | 0 | 204% |
| **СТРУМИЦА** | 39 | 41% | 39 | 26% | 0% | 39 | 49% | 74% | 39 | 36% | 0 | 226% |
| **ТЕТОВО** | 53 | 23% | 53 | 28% | 45% | 53 | 40% | 55% | 53 | 25% | 0 | 216% |
| **ШТИП** | 19 | 42% | 19 | 0% | 95% | 19 | 32% | 5% | 19 | 63% | 0 | 237% |
| **ВКУПНО** | **743** | | **730** | | | **720** | | | **720** | | | |

Податоците за бројот на контроли во ПЗУ аптеки се забележува дека варираат во различни подрачни служби на ФЗОМ. Високите проценти на контроли на годишно ниво се јавуваат во подрачните служби каде се извршени и повторни контроли на аптеки заради дадени опомени при претходно извршена контрола. Влијание има и различниот број на аптеки во Подрачните служби во различните периоди од годината.

***Табела 3: Споредба на бројот на реализирани контроли на ПЗУ аптеки по години***

| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** |
|---|---|---|---|---|
| **број на аптеки** | **651** | **731** | **739** | **720** |
| **број на контроли** | **509** | **719** | **841** | **1371** |
| **% на контроли** | **78%** | **98%** | **114%** | **191%** |

Од Табела 3 може да се заклучи дека бројот на извршени контроли на ПЗУ аптеките постојано се зголемува во периодот од 2009 до 2012 година.

## КОНСТАТАЦИИ ПО ИЗВРШЕНИТЕ КОНТРОЛИ НА ПЗУ АПТЕКИ

Со зголемувањето на бројот и квалитетот на контролите, Фондот обезбедува подобро работење на ПЗУ Аптеките со кои има склучен договор, односно обезбедува почитување и имплементација на договорните и законските одредби во секојдневното работење на аптеките.

Со зголемувањето на бројот на контроли треба да се обезбеди подеднакво работење на ПЗУ аптеките во рамки на законските прописи, максимална снабденост на осигурениците со лекови на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот, особено лекови без доплата кои ги обезбедува Фондот во голем број, односно поквалитетна здравствена услуга за осигурениците.

Во Табелата 4 од овој извештај како и во Графиконите 2 и 3 е даден приказ на бројот на реализирани теренски контроли на ПЗУ аптеки, вкупниот број и процентот на записниците со констатирани неправилности во периодот јануари – декември 2012 година.

***Табела 4: Вкупен број на контролирани ПЗУ аптеки и број на записници со констатирани неправилности во 2012 година***

| | Број на реализирани контроли на аптеки | Број на записници доставени до Комисија за изрекување на договорни казни | % |
|---|---|---|---|
| ФЗО Подрачни служби | 862 | 96 | 11% |
| Сектор за фармација | 509 | 247 | 49% |
| Вкупен број на контроли | 1371 | 343 | 25% |

***Графикон 2: Вкупен број на контролирани ПЗУ аптеки и број на записници по контрола со констатирани неправилности во 2012 година од Подрачните служби и од Секторот за фармација***



***Графикон 3: Приказ на бројот на контролирани аптеки со или без констатирани неправилности***




Од Табела 4 и Графикон 2 и 3 евидентно е дека 11% од теренските контроли кои се извршени од страна на контролорите во Подрачните служби на ФЗОМ и 49% теренските контроли кои се извршени од страна на републичките контролори од Секторот за фармација, односно 25% од вкупниот број контроли биле со наод за потреба од корекција на работењето на определени аптеки работни единици.

Во следната Табела 5 се прикажани бројот на записниците со неправилности и нивната распределба по Подрачна служба на Фондот.

***Табела 5: Број на контроли и број на записници со констатирани неправилности по Подрачна служба во 2012***

| Подрачна служба на ФЗОМ | Вкупен број на контроли | Вкупен број записници со констатирани неправилности | % Записници со неправилности | % Распределба на записници со констатирани неправилности по ПС |
|---|---|---|---|---|
| БЕРОВО | 13 | 0 | 0% | 0% |
| КРАТОВО | 7 | 0 | 0% | 0% |
| ВИНИЦА | 15 | 1 | 7% | 0% |
| КРИВА ПАЛАНКА | 15 | 2 | 13% | 1% |
| КРУШЕВО | 15 | 2 | 13% | 1% |
| НЕГОТИНО | 10 | 2 | 20% | 1% |
| СВЕТИ НИКОЛЕ | 16 | 2 | 13% | 1% |
| ДЕМИР ХИСАР | 6 | 3 | 50% | 1% |
| ВАЛАНДОВО | 10 | 4 | 40% | 1% |
| ГЕВГЕЛИЈА | 42 | 4 | 10% | 1% |
| ДЕЛЧЕВО | 25 | 4 | 16% | 1% |
| МАКЕДОНСКИ БРОД | 8 | 4 | 50% | 1% |
| ПРОБИШТИП | 14 | 4 | 29% | 1% |
| РАДОВИШ | 22 | 4 | 18% | 1% |
| ДЕБАР | 39 | 6 | 15% | 2% |
| РЕСЕН | 34 | 7 | 21% | 2% |
| СТРУГА | 39 | 9 | 23% | 3% |
| ВЕЛЕС | 57 | 11 | 19% | 3% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| КИЧЕВО | 39 | 12 | 31% | 3% |
| ШТИП | 45 | 12 | 27% | 3% |
| КОЧАНИ | 41 | 13 | 32% | 4% |
| ГОСТИВАР | 46 | 14 | 30% | 4% |
| КАВАДАРЦИ | 45 | 15 | 33% | 4% |
| ОХРИД | 34 | 16 | 47% | 5% |
| ПРИЛЕП | 79 | 21 | 27% | 6% |
| СТРУМИЦА | 88 | 21 | 24% | 6% |
| БИТОЛА | 119 | 28 | 24% | 8% |
| КУМАНОВО | 99 | 36 | 36% | 10% |
| ТЕТОВО | 114 | 37 | 32% | 11% |
| СКОПЈЕ | 235 | 49 | 21% | 14% |
| **Вкупно** | **1371** | **343** | **25%** | **100%** |

Од Табелата 5 се гледа дека процентот на пропусти во работењето на аптеките во Подрачните служби на ФЗОМ е различен.

Разликата се јавува и во однос на процентот на контроли со утврдени неправилности споредено со вкупниот број контроли на аптеки по ПС. Со оваа споредба се гледа дека најмал процент на контроли со воочени недостатоци има во Берово и Кратово (0%), односно нема забелешки.

Според распределбата на записници со констатирани неправилности по ПС, со над 5 % грешки од вкупниот број на неправилности констатирани со контролите на ниво на Република Македонија се вкупно 6 подрачни служби на Фондот и тоа: ПС Куманово, ПС Битола, ПС Прилеп, ПС Скопје, ПС Струмица и ПС Тетово.

Со грешка од 3% до 5% се вкупно 8 Подрачни служби на Фондот и тоа: ПС Велес, ПС Гостивар, ПС Кавадарци, ПС Кичево, ПС Кочани, ПС Охрид, ПС Струга и ПС Штип.

Во скала со грешка од 1% до 2% се 13 подрачни служби на Фондот: ПС Македонски брод, ПС Валандово, ПС Гевгелија, ПС Дебар, ПС Делчево, ПС Демир Хисар, ПС Крива Паланка, ПС Крушево, ПС Неготино, ПС Пробиштип, ПС Радовиш, ПС Ресен и ПС Свети Николе.

Без никакви забелешки по извршените теренски контроли во аптеките односно со 0% грешка во 2012 година се две подрачни служби на ФЗОМ и тоа: ПС Берово и ПС Кратово. Во ПС Виница била констатирана неправилност во само еден записник од извршена контрола.

## НАЈЧЕСТИ НЕПРАВИЛНОСТИ ВО РАБОТЕЊЕТО НА ПЗУ АПТЕКИ

За отстапувања во работењето на одредена ПЗУ аптека - работна единица од законските прописи и договорните одредби утврдени со контролата, предвидени се договорни казни во степен од мерка опомена до мерка еднострано раскинување на договор.

Висината на санкцијата ја определува Комисијата за оценување на услови за изрекување на договорна казна при ФЗОМ. Доколку аптека достави приговор по одлуката на првостепената комисија, постапува второстепена комисија.

Од извршените контроли на ПЗУ аптеките најчести утврдени неправилности во нивното работење се следните:

- Проблеми со документацијата за аптеката или фармацевтскиот кадар,
- Во Решението за вршење дејност издадено на аптеката од Министерство за здравство на РМ е наведено дека аптеката има дозвола за вршење на промет на мало за лекови од групата на наркотика, а аптеката не обезбедува вакви лекови за осигурениците на товар на Фондот,
- Списокот на лекови без доплата не е истакнат на видно место во аптеката или е истакнат во погрешен формат, нечитлив и слично,
- Аптеката нема еден или повеќе лекови од ГЛБД образецот (генерички лекови без доплата) за кои согласно склучениот Анекс на Договорот со ФЗОМ од 01.04.2012 е обврзана да ги има во секое време, нема доказ да приложи на лице место дека лековите што недостасуваат се нарачани или доказот го доставува дополнително со писмен приговор,
- Несовпаѓање на материјалната состојба (количината) на одредени лекови на лице место во аптеката, со компјутерската евиденција во делот на лагер листата и материјалните картици на лековите,
- Неправилности во внесувањето и обработката на рецептите во компјутерската програма,
- Во аптеката нема интернет,
- Во аптеките нема бар код читач или истиот не се употребува,
- Неправилности за кои се изрекува мерка опомена и кои аптеката доколку не ги отстрани во рок од 8 дена подлежат на договорна казна (нема истакнато ознака дека работи со ФЗОМ, нема истакнато Одлука за висина на партиципација или рецептите од претходниот ден не се компјутерски обработени)
- Друго (осигурениците не се информираат за можноста да добијат лек без доплата, неисправни или неважечки сини картони, неправилности во начинот на издавање на лекот, неправилности во пресметувањето на партиципацијата или доплата или не се води евиденција во здравствената легитимација за издадениот лек на товар на ФЗОМ и сл.)

Процентуалната застапеност на најчестите констатирани неправилности од извршените контроли е прикажана во Табела 6 и Графикон 4.

*Табела 6. Приказ на неправилностите при контролите на ПЗУ аптеките*

| | **Вид на неправилност** | **Број на неправилности со записник** | **Распределна на вкупниот број неправилности %** |
|---|---|---|---|
| 1 | недостаток на лекови од ГЛБД образецот (25 најтрошени лекови без доплата) | 223 | 39% |
| 2 | проблеми со документација за аптеката или кадарот | 98 | 17% |
| 3 | несовпаѓање на лагер листата со материјалната состојба на лековите на лице место | 80 | 14% |
| 4 | аптеката има Решение, а не нарачува лекови од групата наркотика | 61 | 11% |
| 5 | неправилности за кои се изрекува мерка опомена | 37 | 6% |
| 6 | Друго (осигурениците не се информираат за можноста да добијат лек без доплата, неисправни или неважечки сини картони, неправилности во начинот на издавање на лекот, неправилности во пресметувањето на партиципацијата или доплата или не се води евиденција во здравствената легитимација за издадениот лек на товар на ФЗОМ и сл.) | 25 | 4% |
| 7 | нема истакнат список на лекови без доплата или истиот е нечитлив, во неправилен формат | 15 | 3% |
| 8 | неправилности во обработката на рецептите | 14 | 2% |
| 9 | аптеката нема или не го употребува бар код читачот | 10 | 2% |
| 10 | аптеката нема интернет | 7 | 1% |

***Графикон 4: Констатирани неправилности во работењето на ПЗУ аптеките***




Фондот за здравствено осигурување на Македонија продолжува и понатаму со активности за максимално обезбедување на нашите осигуреници со квалитетни здравствени услуги на товар на ФЗОМ во рамки на определените финансиски ресурси, во кои спаѓа и обезбедувањето со лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во примарната здравствена заштита. По констатираните неусогласености на работењето на аптеките утврдени преку контролите, ФЗОМ превзема мерки соодветно, како што е редовна комуникација со аптеките и работилници за стручниот кадар.

Изработил: Јешим Алими
Фросина Цијевска
Кристина Тосевска
Марија Коневска
Контролирал: Благоје Дончев

Директор на Секторот за фармација
Кристина Христова